Влада на Република Македонија
Министерство за транспорт и врски

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
СКОПЈЕ
Примено: 09.03.2012

| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| --- | --- | --- | --- |
| 19 | 277/2 | | |

Министерство за транспорт и врски
МАКЕДОНИЈА ВО ДВИЖЕЊЕ

Црвена Скопска Општина
број 4, 1000 Скопје,
Република Македонија

Тел. + 389 (0)2 3145 497
Факс: + 389 (0)2 3126 228
Е-пошта: info@mtc.gov.mk
Сајт: www.mtc.gov.mk

Бр.02-3214/2
Датум 08. 03.2012 година

До: Државен завод за ревизија

Ул. Македонија бр. 12/3

Г-ѓа Тања Таневска, Главен државен ревизор

Скопје

Предмет: Забелешки по нацрт Извештај

Почитувана г-ѓа Таневска,

По повод доставениот Нацрт извештајот за Ревизија на успешност, јавна чистота – оценка на ризици и можности за подобрување на локално и централно ниво/заштита на животната средина, изготвен од страна на Државниот завод за ревизија, Министерството за транспорт и врски ги дава следните забелешки:

На страна два од Нацрт Извештајот е изнесена констатација дека во законската регулатива од областа на комуналните дејности не била предвидена одговорност за локалната власт во случај на недонесување на прописите кои со законите се дадени во нивна надлежност. По однос на оваа констатација истакнуваме дека со законите кои ја уредуваат комуналната дејност за кои е надлежно Министерството за транспорт и врски, предвидено е актите да ги донесуваат советите на општините, општините во Градот Скопје и Градот Скопје, што е во согласност со Законот за локалната самоуправа и Законот за градот Скопје. Сметаме, дека со овие закони треба да се регулираат прашањата за одговорностите на органите на локалната власт во случаите кога истите нема даги донесат актите кои се дадени во нивна надлежност.

Во нацрт извештајот е наведено дека се создавало ризик од неефикасна имплементација на законите од областа на комуналните дејности бидејки во делот на примената на законите надлежноста е на различни државни органи и инспекцискиот надзор е даден во две различни инспекциски служби во рамките на една иста општина. Сметаме дека ваквата

констатација не е основана од причина што во законите од областа на комуналните дејности кои ги покрива Министерството за транспорт и врски е пропишан инспекциски надзор исклучиво за комуналните инспектори, а не и за различни инспекциски служби. Согласно Законот за локална самоуправа општините имаат инспекциска служба со овластени комунални инспекори или други инспектори на кои им се дадени овластувања за вршење инспекциски надзор согласно посебните закони, а нивно право е во зависност од обемот на работа да одлучат колкав број на инспектори ќе овластат.

По однос на констатацијата дека не е прецизно дефинрана надлежноста на централната и локалната власт за одржување на јавната чистота на плажите и дека со тоа се создавало ризик од неподигање на сметот и загрозување на животната средина, сметаме дека оваа констатација не е основана. Имено, ова министерство повторно укажува дека при склучувањето на договорите за давање под краткотраен закуп градежно неизградено земјиште, сопственост на Република Македонија се регулирани обврските на закупците на плажите меѓу кои се и начинот на подигање и изнесување на сметот од плажите. Бидејки согласно законската регулатива општините се надлежни за подигањето на сметот на нивнаото подрачје, а во случајов се работи за изнесување на смет од локациите предвидени за плажи на подрачје на повеке општини, закупците согласно одредбите од договорите биле должни да го регулираат начинот на подигање на сметот од плажите со општината, а докколку тоа не е сторено, општинскиот инспектор овластен за вршење на инспекциски надзор бил должен спрема закупците да преземе мерки согласно закон. Од овие причини цениме дека во случајов прецизно е дефинирана надлежноста на централната и локалната власт за одржување на јавната чистота и изнесување и подигање на смет од физички и правни лица.

По однос на констатациите изнесени во Нацрт извештајот дека не биле дефинирани правата, обврските и овластувањата на комуналните редари, дека постапувле само по еден закон од комуналната дејност што придонесувало за неефикасност од нивното ангажирање и потешкотии во имплементациите во Законот за јавна чистотата, како и неможност да ги легитимираат прекршителите на законот и неможат да изречат казни, исто така цениме дека не се основани. Имено, со членот 11 од Законот за јавна чистота е уредено дека контролата на одржуваето на јавната чистота, согласно Одлуката од член 10 на истиот закон (за поблиско уредување на односите за

одржувањето на јавната чистота што ја донесуваат советите на општините), ја вршат комуналните редари. Согласно овие одредби општиние се должни со своја одлука да ги утврдат правата и обврските на комуналните редари и да оценат дали на подрачјето на нивната општина има потреба од вработување на еден или повеќе комунални редари. Исто така, укажуваме дека со Законот за јавна чистота се утврдени овластувањата на комуналните редари и тоа кога ќе утврдат дека е сторен прекршок предвиден во член 33 од законот, односно во вршењето на контролата доколку утврдат дека физичките лица постапуваат спротивно на одредбите на член 14 од Законот за јавна чистота.

Со почит,

Министер

Миле Јанакиески